

# ПРИРАЧНИК
# за работа на националните совети на националните малцинства во Република Србија

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

Ministarstvo za ljudska i manjinska
prava i društveni dijalog

# П Р И Р А Ч Н И К

**за**

**работа на националните совети на националните малцинства**

**во Република Србија**

Наслов на публикацијата на српски јазик: Priručnik za rad nacionalnih saveta nacionalnih manjina u Republici Srbiji

*Оваа публикација е изработена со финансиска помош на Европската Унија и Советот на Европа. Ставовите изразени овде се одговорност на авторите и не мора да ги претставуваат официјалните ставови на Европската Унија или Советот на Европа.*

Дозволено е репродукција на извадоци (до 500 зборови), освен за комерцијални цели, под услов да се зачува интегритетот на текстот, извадокот да не се користи надвор од контекст, да не дава нецелосни информации или на друг начин да го доведе читателот во заблуда за неговата природа, волумен или содржина на текстот. Изворот на текстот мора секогаш да биде наведен како што следува „© Совет на Европа, 2022 година “. Сите други барања за репродукција/превод на делото и целосниот текст треба да се упатат до Дирекцијата за комуникации, Советот на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или на publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција поврзана со оваа публикација треба да биде упатена до: Директоратот за демократија на Советот на Европа, Одделот за борба против говорот на омраза и соработка.
Е-пошта: Horizontal.Facility@coe.int

Дизајн и распоред:
Досие студио, Белград

© Совет на Европа, април 2022 година. Сите права се задржани.
Лиценцирано за Европската Унија според условите.

**С О Д Р Ж И Н А**


ВОВЕД 1

1. ЦЕЛ И НАМЕНА НА ПРИРАЧНИКОТ 2

2. ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ 3

3. СТАТУСНИ ПРАШАЊА НА НАЦИОНАЛНИТЕ СОВЕТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА 4

4. ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СОВЕТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА 23

5. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО 25

5.1. Давање мислење 28

5.2. Давање предлог 38

6. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА СЛУЖБЕНАТА УПОТРЕБА НА ЈАЗИКОТ И ПИСМОТО 44

6.1. Самостојно одлучување 46

6.2.Давање предлози 50

7. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА 58

7.1. Именување членови на управниот одбор 59

7.2. Давање мислење 60

8. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА ИНФОРМИРАЊЕТО 68

9. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ И НЕЗАВИСНИ ОРГАНИ 77

9.1. Заштитник на граѓаните 77

9.2. Повереник за заштита на рамноправноста 81

# ВОВЕД

Република Србија веќе подолго време недвосмислено и конкретно ги покажува својата решителност и определеност за целосна, навремена и ефикасна заштита на слободите и на правата на припадниците на националните малцинства што живеат во неа.

Составен дел на таа определба претставуваат непрекинатиот развој и подобрувањето на правната рамка што овозможуваат зачувување на индивидуалниот и на колективниот идентитет на припадниците на националните малцинства.

Наведениот напредок на нормативно ниво истовремено значи и зголемување на бројот на правните прописи, на нивната сложеност, како и на врските меѓу нив. Поради тоа, секојдневно се вложуваат напори унапредувањето на правните прописи, заедно и истовремено, да биде следено и со унапредување во нивната примена. Изработката на овој Прирачник е еден од тие напори. Неговата примена треба да доведе до тоа националните совети да ги извршуваат јавните овластувања на еднакво ефикасен и делотворен начин.

Тие постојат и работат во динамично општествено и правно опкружување, кое често се менува, некогаш независно од нивните желби и интереси, а сè тоа може да влијае и најчесто влијае врз нивната работа, без оглед дали станува збор за остварување права или за извршување обврски.

Поради тоа, континуираното јакнење и подобрување на институционалниот капацитет е од пресудно значење за иднината на остварувањето и на заштитата на слободите и на правата на припадниците на националните малцинства, како и за нивниот натамошен развој. Особено јакнењето и подобрувањето на институционалниот капацитет на националните совети на националните малцинства што треба да имаат одлучувачка улога во заштитата и остварувањето на правата на своите припадници.

## 1. ЦЕЛ И НАМЕНА НА ПРИРАЧНИКОТ

Овој Прирачник не се стреми кон тоа да стане незаобиколен дел од академските или од теориските расправи. Негова основна цел е да им стане корисно средство на националните совети на националните малцинства, односно на нивните претставници и членови, како вид помош и поддршка, да им понуди практични упатства и совети што досега не постоеле или постојат, но не се обработени на единствен и општоприфатен начин.

Основна намена на Прирачникот е на корисниците да им овозможи на едно место да пронајдат практични примери на акти што може да ги донесат националните совети на националните малцинства во согласност со прописите, како и совети за тоа кои чекори и активности треба да ги преземат со цел навреме, целосно и ефикасно да извршуваат некои од јавните овластувања што им се доверени. Со помош на Прирачникот, националните совети на националните малцинства може, со минимални дополнувања и измени на понудените акти со конкретни податоци, поедноставно и поефикасно да ги остварат овластувањата што им се доверени.

Целта што се сака да се постигне со Прирачникот е сите или големо мнозинство заинтересирани национални совети на националните малцинства со неговата примена да постигнат колку што е можно поголем степен на делотворност во извршувањето на јавните овластувања, еднообразност во обраќањето до надлежните државни органи и на постапување што е во согласност со примерите на најдобрата практика, а со цел да се достигнат највисоките меѓународни стандарди.

## 2. ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

**Министерството за човекови и малцински права и општествен дијалог,** извршувајќи ги работите од своја надлежност, уочи дека, по усвојувањето на измените и дополнувањата на групата постојни закони за малцинствата и по спроведените избори за националните совети на националните малцинства во 2018 година, постои потреба некои од најважните прашања поврзани со работата на националните совети на националните малцинства попрецизно да се обработат, да се нагласат и да се претставaт на практичен начин.

Во рамките на проектот на Советот на Европа и на Европската Унија – Промоција на различностите и на рамноправноста – е составен и овој прирачник, според областите во кои националните совети ги извршуваат своите овластувања и со моделите на актите.

## 3. СТАТУСНИ ПРАШАЊА НА НАЦИОНАЛНИТЕ СОВЕТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Кога станува збор за правната природа на националните совети на националните малцинства, во јавна употреба рамноправно се застапени изразите *„тело на културната самоуправа“*и *„облик на културната автономија“*.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

Член 1а

**„**Национален совет е **организација** на која со закон ѝ се доверуваат **одредени јавни овластувања.......“**

Јавните овластувања што им се доверуваат на националните совети на националните малцинства се определени двојно:

- според функцијата/содржината

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 1а

..... да **учествува во одлучувањето** или самостојно да **одлучува** за........“

- според областите

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 1а

.... за поединечни прашања од областа на **културата, образованието, информирањето и службената употреба на јазикот и писмото** .....“

- според намената и целта што се сака да се постигне

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 1а

.... со цел **остварување на колективните права** на националното малцинство **на самоуправа во тие области.“**

Една од основните обврски на националните совети е обезбедување **јавност на нивната работа**.

Јавност на работата е основен предуслов за постигнување доверба, како на државните органи, така и на припадниците на нивното национално малцинство, во нивните резултати, во ефикасноста и во навременоста на постапувањето на националните совети при извршувањето на јавните овластувања што им се доверени.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 8а

**Работата** на националниот совет **е јавна.**

**Сите одлуки и акти** на националниот совет **се објавуваат најдоцна во рок од 10 дена од денот на стапување во сила, односно на нивното донесување,** на **интернет-страницата на** националниот совет........или **на друг начин што е одреден со статутот.......“**

| ПОНЕДЕЛНИК ВТОРНИК СРЕДА ЧЕТВРТОК ПЕТОК САБОТА НЕДЕЛА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Одлука/акт донесен на** | | | | | |
| | | | | | **X** | |

Во врска со извршувањето на оваа обврска важно е да се нагласи следново:

***- за извршување на оваа обврска навреме да планираат средства во своите буџети;***

***- обврската за објавување документи за кои, според општите акти на Советот, е потребно дополнително потврдување, одобрување, односно усвојување настапува по предметната активност и***

***- потребно е советите, покрај објавувањето на актите, да им овозможат на членовите увид во документацијата што настанала во работата на советите, како и да им доставаат копии од неа на нивно барање. Според податоците што се достапни на официјалните интернет-страници на националните совети, ретки се оние што обврската, која е пропишана со горенаведениот член, ја исполнуваат на начин што овозможува најголем можен степен на јавност – со***

***објавување на сите донесени одлуки и акти на нивните официјални интернет-страници.***

Националниот совет е **правно лице,** во форма на **организација,** кое има права и обврски пропишани со закон. Истовремено, националните совети се разликуваат и врз основа на Законот јасно се разграничени од другите организации, особено од оние на кои ќе помисли најголемиот број граѓани лаици, на пример, организациите на граѓанското општество бидејќи тие се организација „*sui generis*“.

Националниот совет го стекнува статусот правно лице со упис во **Регистарот на националните совети,** кој во овој момент го води **Министерството за човекови и малцински права и општествен дијалог.** Регистарот се води двојно:

- во форма на книга со тврд повез и
- во форма на електронска база на податоци

**Податоците** што се запишани во Регистарот се **јавни.**

Податоците од Регистарот што се води во форма на електронска база на податоци ѝ се достапни на јавноста во документот „**Извод од Регистарот на националните совети**“**,** кој може да се најде на официјалната интернет-адреса http://mduls.gov.rs/wp-content/uploads/Izvod-iz-Registar-nacionalnih-saveta-5.3.2020.pdf.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(„*Сл. весник на РС*“, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 3

Националниот совет се запишува во Регистарот врз основа на **пријава** за упис, која претседателот на националниот совет ја

**поднесува до Министерството** во рок **од 5 дена од денот** кога **првиот состав** на националниот совет го **избрал претседателот на** националниот совет.“

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК | САБОТА | НЕДЕЛА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1. Состав**<br>**Избран претседател на НС** | | | | |
| | **X** | | | | | |

**ЗАБЕЛЕШКА**: Воопштено зборувајќи, роковите што се пропишани за извршување на јавните овластувања се кратки, така што секогаш не им обезбедуваат доволно време на националните совети за детално и целосно разгледување на предметот и донесување соодветни одлуки. Ова уште повеќе кога се имаат предвид капацитетите и условите во кои работат националните совети. Треба да се размисли за нивното регулирање на нов и поинаков начин.

**Образецот на пријавата** што се споменува во цитираниот член е **составен дел од *Правилникот за начинот за упис и водење на Регистарот на националните совети*** („*Сл. весник РС*“, бр. 72/2014 и 61/2018). Со цел пријавата да доведе до резултат, односно до стекнување статус на правно лице потребно е, покрај барањето, да биде целосно и точно пополнета, со неа да бидат поднесени **прилози** што се неопходни и чие **доставување е пропишано како задолжително.**

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 3

**Со пријавата** за упис се поднесува:

а. **записник од седницата на која е конституиран првиот состав** на националниот совет,

б. **два примерока од статутот** на националниот совет и

в. **одлука за избор на претседателот** на националните совети.“

Со одредба од подзаконскиот акт таксативно се наведени сите докази што треба да се достават со пријавата за упис на националниот совет во Регистарот.

**Правилник за начинот на упис и водење на Регистарот на националните совети**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2014 и 61/2018)

„Член 9

**Со пријавата** за упис се поднесува:

а. записник од седницата на која е конституиран првиот состав на националниот совет,

б. два примерока од статутот на националниот совет,

в. одлука за избор на претседател на националниот совет,

г. **заверена фотокопија на личната карта на претседателот** на националниот совет и

д. **доказ за уплата на републичката административна такса**.“

**ЗАБЕЛЕШКА: Пријава за упис на податоците во Регистарот на националните совети поднесуваат националните малцинства што првпат формираат национален совет, значи што првпат се избрани на избори, додека сите други (по спроведените избори и дополнително во текот на мандатот) поднесуваат пријава за упис на промените на податоците**.

Имено, сите податоци што се запишани во Регистарот врз основа на пријава може да бидат сменети, во зависност од тоа дали постои потреба за тоа (на пример, статут на националниот совет, претседател, седиште и други податоци). **На правото** на националниот совет да ги смени своите податоци му соодветствува неговата **обврска да ја пријави промената** на тие податоци заради нивен **упис во Регистарот на националните совети**.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 4а

Националниот совет е **должен** да поднесе **пријава за упис на промената на податоците** што се запишани во Регистарот во рок од **десет дена од денот на промената.**

Со пријавата за упис на промената на податоците се доставува и **доказ за промената**, а со пријавата за упис на **измените и дополнувањата на статутот** се доставува **записник од седницата** на која се усвоени измените и дополнувањата и **два примерока од одлуката** за измените и дополнувањата на статутот....“

| ПОНЕДЕЛНИК ВТОРНИК СРЕДА ЧЕТВРТОК ПЕТОК САБОТА НЕДЕЛА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ден на промена на податоците** | | | | | | |
| | | | | X | | |

И во овој случај со одредба на подзаконскиот акт таксативно се наведени сите докази што треба да се достават со пријавата за упис на промени на податоците во Регистарот.

**Правилник за начинот на упис и водење на Регистарот на националните совети**

(„*Сл. весник на РС*“, бр. 72/2014 и 61/2018)

„Член 11

**Со пријавата за промена на податоците** во Регистарот се поднесува:

а. **записник од седницата** на која е донесена одлука за промена на податоците, во **изворен документ,** односно во **заверен препис**,

б. **одлука** за промена на податоците,

в. **доказ** за промена на податоците и

д. **доказ за уплата на републичката административна такса**.“

Образецот на пријавата за упис на податоци е составен дел на Правилникот, а, од друга страна, со Правилникот не е пропишана задолжителна форма на **Образецот на пријавата за промена на податоци.** Тоа е и причината зошто со Прирачникот се предлага Модел на образец на пријава за упис на промена на податоците во Регистарот на националните совети.

**Модел на образец на пријава за упис на промени на податоците**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЧОВЕКОВИ И МАЛЦИНСКИ ПРАВА**

**И ОПШТЕСТВЕН ДИЈАЛОГ**

**Булевар Михајло Пупин 2**

**БЕЛГРАД**

**П Р И Ј А В А**

**ЗА**

**УПИС НА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ НА НАЦИОНАЛНОТО МАЛЦИНСТВО ВО РЕГИСТАРОТ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СОВЕТИ**

1) Седиште и адреса на националниот совет на националното малцинство

______________________________________________

2) Претседател на националниот совет на националното малцинство (име и презиме, адреса на живеење и ЕМБГ)

______________________________________________

3) Датум на донесување на статутот на националниот совет на националното малцинство, односно на неговите измени и дополнувања

_______________________________________________

4) Датум на одржување на конститутивната седница (***Забелешка: по секој изборен циклус во Регистарот се запишува датумот кога е конституиран новиот состав на националниот совет)***

_______________________________________________

**Истовремено со потпишувањето на оваа пријава известен сум за обработката на личните податоци и се согласувам податоците од оваа пријава, како и од прилозите поднесени со неа, да се обработуваат во согласност со законот со кој се регулира обработката на податоците.**

**Прилог**[1]**:**

- записник од конститутивната седница на националниот совет,
- записник од седницата на која е донесена одлука за промена на податоците/за измени и/или дополнувања на статутот на националниот совет, во изворен документ/заверен препис,
- два примерока од одлуката за измени и/или дополнувања на статутот/одлуката за избор на претседателот на националните совети/одлука за промена на податоците/,
- доказ за промена на податоците,
- два примерока од новиот статут/од измените или дополнувањата на статутот на националниот совет,
- заверена фотокопија на личната карта на претседателот на националниот совет,
- доказ за уплата на републичката административна такса.

---

1 Да се заокружи една од понудените опции, во зависност од видот податоци што се менуваат.

Веќе порано е споменато дека предуслов за навремено, ефикасно и целосно остварување на заштитата на правата на припадниците на националното малцинство е почитувањето на принципите на „добрата управа" во работата на националните совети. Со преглед на јавно достапните податоци и документи може да се уочи:

- дека повеќето акти на повеќето национални совети **во своите диспозитиви немаат изреки за некои прашања** што би требало да бидат решени и пропишани во нив и
- дека повеќето акти на повеќето национални совети **не содржат образложенија,** а и оние ретките што ги имаат во своите **образложенија не ги обработуваат сите релевантни прашања или не даваат решавачки факти за тоа зошто се донесени конкретни одлуки**.

**Модел на Одлука за промена на податоци бр. 1а**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА _________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ____________________________**

**Датум: ____________________________**

**Место: ____________________________**

Врз основа на член 7 став 3 и член 8 став 3 од Законот за националните совети на националните малцинства (*„Сл. весник на РС"*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018) (во натамошниот текст: Закон), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на __________ национално малцинство (Број: ____________________ од ____________ 20________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член __________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ____________________ од ____________ 20________ година) (во

натамошниот текст: Деловник)[2], Националниот совет на _________ национално малцинство (во натамошниот текст: Совет), на седницата одржана на _______ 20 _____ година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**I**

За претседател на Советот е избран ____________________ (*име и презиме*), ____________________, од ____________________ (*име на место/општина/град*), улица ____________________, ЕМБГ _________________________, ЛК Бр. _________________________, член на Советот.

**II**

Мандатот на претседателот може да престане со истекот на мандатот на Советот, со избор на нов претседател, како и со настапување на други случаи пропишани со Законот и со Статутот.

**III**

Избраниот претседател ги има сите права и должности во согласност со Законот и Статутот.

**IV**

Избраниот претседател е должен да стапи на должност веднаш по донесувањето на конечното Решение за упис на промените на податоците во Регистарот на националните совети.

---

[2] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

**IV**

На ____________________ (*име и презиме*), ____________________, од ____________________ (*име на место/општина/града*), улица ______________________, ЕМБГ __________________________, ЛК Бр. ___________________________, досегашен претседател на Советот, му престануваат сите права и должности со денот на донесувањето на конечно Решение за упис на промената на податоците во Регистарот на националните совети.

**V**

Одлуката, со неопходната документација, да се достави во **Министерството за човекови и малцински права и општествен дијалог** заради упис на промената на податоците во Регистарот на националните совети.

**VI**

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

***Образложение***

Во согласност со член ______ од Статутот и член ______ од Деловникот на Советот, заменик-претседателот/потпретседателот/ _________________ (*со букви*) (__) (*со број*) членови на Советот[3] предложи/ја закажување седница и избор на нов претседател на Советот.

[3] Да се избере една од понудените опции, во зависност од тоа на кој начин националниот совет пропишал со Статутот/Деловникот кои лица се овластени за закажување седници на националниот совет.

Врз основа на одредбата од член __________ од Статутот, писмениот предлог за избор на нов претседател на националниот совет го поднеле и потпишале _____________________[4]членови на Советот.

На седницата на Советот, одржана на _______________________, присуствуваа _______________ (*со букви*) (__) (*со број*) од ______________________ (*вкупен број*) членови на Советот, кои во согласност со член 7 став 3 и член 8 став 3 од Законот се изјаснуваа за предложениот кандидат за нов претседател на Советот.

На почетокот на седницата, претставникот на овластениот предлагач усно ги презентираше причините поради кои е побарано закажување на седницата и го образложи предлогот за избор на нов претседател на Советот.

По разгледувањето на доставената документација и дискусијата, земајќи ги предвид изнесените причини и ставови, присутните пристапија кон гласање.

За кандидатот ______________________ (*име и презиме*), ______________________, од ______________________ (*име на место/општина/град*), улица _______________________, ЕМБГ ____________________________, ЛК Бр. ____________________________, член на Советот, гласаа _______________ (*со букви*) (__) (*со број*) членови на Советот од вкупниот број присутни. Против предложениот кандидат гласаа _______________ (*со букви*) (__) (*со број*) членови на Советот од вкупниот број присутни. Немаше воздржани членови на Советот.

---

[4] Да се пополни бројот на членови на Советот што се овластени, согласно одредбите од Статутот, да поднесат предлог за избор на претседател на националниот совет.

Во согласност со тоа, а врз основа на одредбата од член 7 став 3 и член 8 став 3 од Законот, во согласност со член ___ од Статутот и член __________ од Деловникот на Советот, донесена е одлука како во диспозитивот.

Одлуката, со неопходната документација, да се достави до **Министерството за човекови и малцински права и општествен дијалог** заради упис на промената на податоците во Регистарот на националните совети и да се објави на огласната табла, како и на официјалната интернет-страница на Советот.

Број: ______________________________

Датум: _____________________________

Место: _____________________________

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ/ПРЕТСЕДАВАЧ НА СЕДНИЦАТА[5]

__________________________________ (име и презиме), член на Советот

с.р.

**Модел на Одлука за промена на податоци бр. 16**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ___________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ______________________________**

**Датум: ____________________________**

**Место: ____________________________**

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за националните совети на националните малцинства („Сл. весник на РС“, бр. 72/2009, 20/2014 –

[5] Да се избере една од понудените опции, во зависност од конкретната ситуација.

одлука на УС, 55/2014 и 47/2018) (во натамошниот текст: Закон), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на __________ национално малцинство (Број: _____________________ од ____________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член __________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: _____________________ од ____________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Деловник)[6], Националниот совет на __________ национално малцинство (во натамошниот текст: Совет), на седницата одржана на ________ 20 ______ година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**I**

Претседателот на Советот ______________________ (име и презиме), ______________________ од ______________________ (име на место/општина/град), улица _______________________, ЕМБГ ____________________________, ЛК Бр. _____________________________, се разрешува од должност.

**II**

До избор на новиот, функцијата претседател на Советот ќе ја извршува заменик-претседателот/потпретседателот на Советот[7] ______________________ (име и презиме), ______________________, од ______________________ (име на место/општина/град), улица

[6] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

[7] Да се избере една од понудените опции, во зависност од тоа на кој начин националниот совет пропишал со Статутот/Деловникот кои лица се овластени за застапување на Советот во ситуација кога дотогашниот претседател е разрешен од должност.

______________________, ЕМБГ __________________________, ЛК Бр. ___________________________.

III

Оваа одлука, со неопходната документација, да се достави до **Министерството за човекови и малцински права и општествен дијалог** заради упис на промената на податоците во Регистарот на националните совети.

IV

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

***Образложение***[8]

---

8 Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, независно од фактот дали станува збор за позитивна или за негативна одлука. Дотолку повеќе ако записникот од седницата на која е донесен не претставува негов задолжителен прилог. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти за тоа зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

**Модел на Одлука за промена на податоци бр. 2**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ___________________________**

**Датум: __________________________**

**Место: __________________________**

Врз основа на член 6 и член 10 став 1 точка 1 од Законот за националните совети на националните малцинства (*„Сл. гласник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018) (во натамошниот текст: Закон), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на _________ национално малцинство (Број: ___________________ од ___________ 20________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член _________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ___________________ од ___________ 20________ година) (во натамошниот текст: Деловник)[9], Националниот совет на _________ национално малцинство (во натамошниот текст: Совет), на седницата одржана на _______ 20 _____ година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**за**

**измена/дополнување на Статутот на Националниот совет на ___________________________ национално малцинство во поглед на податоците за адресата и седиштето**

9 Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

I

Во Статутот на Советот (Број: ____________________ од ____________ 20_________ година), во член __________ став ________, зборовите „во ____________________ (име на место, општина и/или град), улица _____________________________ бр. “ се заменуваат со зборовите „во ____________________ (име на место, општина и/или град), улица ______________________________ бр.“

II

Досегашната адреса на Советот престанува да важи и да се користи во правниот промет од денот на донесувањето на конечното Решение за упис на промената на податоците во Регистарот на националните совети.

III

Одлуката, со неопходната документација, да се достави до **Министерството за човекови права и општествен дијалог** заради упис на промената на податоците во Регистарот на националните совети.

IV

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

***Образложение***[10]

---

10 Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти за тоа зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СОВЕТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Едно од прашањата, колку важни, толку и интересни, е прашањето за финансирање на националните совети.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 114

**Средствата за финансирање на работата** на националните совети се обезбедуваат од **буџетот на Република Србија, буџетот на автономната покраина и буџетот на единицата на локалната самоуправа, од донации** и други приходи.“

Средствата што се обезбедуваат во буџетот на Република Србија се распределуваат, така што:

- **30 % им се распределуваат во еднакви износи на сите регистрирани национални совети** во Република Србија, а
- преостанатите средства **(70 %) сразмерно на бројот на припадниците на определеното национално малцинство што националниот совет го претставува според резултатите од последниот попис на населението, како и во вкупниот број установи, фондации и компании чиј основач и сооснивач е националниот совет или чии основачки права, делумно или целосно, му се пренесени на националниот совет**.

Во рамките на тоа прашање, посебно внимание заслужуваат средствата за финансирање на работата на националните совети што се обезбедуваат од буџетот на единицата на локалната самоуправа.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„Член 114

Средствата што се обезбедуваат во буџетот на единицата на локалната самоуправа, во согласност со **одлуката на надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа**, им се распределуваат на националните совети што:

1) имаат **седиште на територијата на единицата на локалната самоуправа**;

2) **ги претставуваат националните малцинства што во населението на единицата на локалната самоуправа достигнуваат најмалку 10 % од вкупниот број на населението**;“

3) **ги претставуваат националните малцинства чиј јазик е во службена употреба на територијата на единицата на локалната самоуправа**.

Со други зборови:

- обезбедувањето средства за финансирање на работењето на националните совети **е обврска на единиците на локалната самоуправа**;
- единиците на локалната самоуправа ја извршуваат таа своја обврска со донесување **Одлука за буџетот,** со која треба да се предвидат буџетската линија и износот на средствата определени за финансирање на работењето на националните совети, **Одлука за распределба** и **критериуми за распределба.**

## 5. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Условно кажано, ако воопшто е можно и соодветно да се прави споредба, областа на образованието е најважна област во која на националните совети им е доверено извршувањето на јавните овластувања. Нивниот број и значење се големи и, доколку правилно и навреме се извршуваат, овозможуваат соодветно влијание врз донесувањето клучни одлуки, во мера во која тоа влијание може да го има каква било форма на самоуправа.

Правото на припадниците на националните малцинства на образование на својот јазик и писмо е уставна категорија. Почнувајќи од Уставот, па до законите од областа на образованието, се разликуваат две категории образование за припадниците на националните малцинства, во зависност од фактот кој е сопственик и основач на образовните установи.

**Устав на Република Србија**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 98/2006)

**„Право на зачувување на посебноста**

Член 79

Припадниците на националните малцинства имаат право на: ...............

а. **школување на својот јазик во државните установи и во установите на автономните покраини**

б. **основање приватни образовни установи**.“

Според обемот и начинот на кој се остварува ова право, разликуваме три вида образование:

- право припадниците на националните малцинства **целосно да се образуваат на својот мајчин јазик и писмо,**
- право да се образуваат **преку двојазична настава** (на **јазикот и писмото на националното малцинство и на српски јазик и писмо**) и
- право да **ги учат својот мајчин јазик и писмо преку изучување на предметот „Јазикот на националното малцинство со елементи на националната култура**."

**Закон за заштита на правата и слободите на националните малцинства**

(*„Сл. весник на СРЈ"*, бр. 11/2002, *„Сл. весник на СЦГ", бр. 1/2003 – Уставна повелба* и *„Сл. весник на РС"*, бр. 72/2009 – др. закон, 97/2013 – одлука на УС и 47/2018)

**„Школување на мајчин јазик**

Член 13

Припадниците на националните малцинства имаат право на **воспитување и образование на својот јазик, односно говор** во установите......."

**Закон за основите на системот за образование и воспитување**

(*„Сл. весник на РС"*, бр. 88/2017, 27/2018 – др. закон, 10/2019, 27/2018 – др. закон и 6/2020)

**„Употреба на јазикот**

Член 5

......За припадниците на националното малцинство образовно-воспитната работа се остварува **на јазикот, односно говорот и писмото** на националното малцинство."

Правото на образование на јазикот и писмото на националното малцинство им е гарантирано **на сите нивоа на образование**:

- во **предучилишните установи,**
- **основните** училишта,
- **средните** училишта,
- **установите за високо образование** (факултети и високи школи за стручни студии).

Сите овластувања чие извршување им е доверено на националните совети, според нивната правна природа и содржина, може да се поделат на:

- **основачки и/или управувачки**,
- **учество во управувањето со установите преку давање мислења и предлози**,
- **учество во изработката и донесувањето на наставните планови и програми за образование и воспитување, односно содржини за предметите што ја искажуваат посебноста на националното малцинство**,
- **учество во изборот и обезбедувањето учебници и наставни средства и**
- **други овластувања во областа на образованието.**

Секоја од наведените групи содржи и определен број конкретни овластувања. Досегашната практика и податоци покажуваат дека еден број од нив не се извршува затоа што не постои потреба за тоа или нема доволно капацитети за нивно квалитетно извршување, додека преостанатите се извршуваат на различни начини, во зависност од тоа за кој национален совет конкретно станува збор.

### *5.1. Давање мислење*

Овластувањето на националните совети да даваат различни видови мислења е едно од јавните овластувања за чие извршување постои постојана и честа потреба.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Учество во управувањето со установите**

Член 12

Во **установите за предучилишно воспитување и образование, основно и средно образование и воспитување** чиј основач е..........., националниот совет:

1. дава **мислење за предложените кандидати за членови на управниот, односно училишниот одбор – претставници на единицата на локалната самоуправа**, ..........

3. дава **мислење за кандидатот за директор на установата**........

Во **установите за ученички и студентски стандард,** чиј основач е............, националниот совет:

1. ........ дава **мислење за другите кандидати за членови на управниот одбор на установите за ученички стандард** чие седиште се наоѓа на територијата на единицата на локалната самоуправа во која јазикот на националното малцинство е во службена употреба,

2. ........ дава **мислење за кандидатите за членови на управниот одбор на установите за студентски стандард** чие седиште се наоѓа на територијата на единицата на локалната самоуправа во која јазикот на националното малцинство е во службена употреба,

3. ........ дава **мислење за постапката за избор на директор на установата за ученички и студентски стандард** чие седиште се наоѓа на територијата на единицата на локалната самоуправа во која јазикот на националното малцинство е во службена употреба,

4. дава **мислење за постапката за разрешување на директорот и на членовите на органот на управување**.....

Во **областа на високото образование во установите**....., националниот совет:

2. дава **мислење за кандидатите предложени за органот за администрација и органот за управување со високошколската установа** во која наставата, целосно или делумно, се изведува на јазикот на националното малцинство.

**Планови и програми за настава и учење**

Член 13

3. **на министерот надлежен за работите на образованието и воспитувањето** му дава **мислење за наставните планови и програми за српски јазик како немајчин јазик**,

5. дава **мислење за училишната и воспитната програма на установите за кои е утврдено дека се од посебно значење за националното малцинство**.

**Учебници и наставни средства**

Член 14

- **Националниот совет дава претходна согласност во постапката за одобрување ракописи за учебници, прирачници, дополнителни наставни средства, наставни помагала, дидактички средства и дидактички средства за игра на јазикот и писмото** на националното малцинство.........“

Во рамките на ова овластување, едно од најприсутните е овластувањето на националниот совет да дава **мислење за предложениот кандидат за директор на** предучилишна установа, односно установа за основно и за средно образование и воспитување.

**Закон за основите на системот за образование и воспитување**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 88/2017, 27/2018 – др. закон, 10/2019, 27/2018 – др. закон и 6/2020)

**„Избор на директор на установа**

Член 123

- Конкурсот за избор на директор го **распишува органот на управување** (**Управен одбор во предучилишна установа/Училиштен одбор во основно, односно средно училиште**),
- Во **установата во која образовно-воспитната работа се изведува и на јазикот на националното малцинство** органот на управување е **должен/мора да добие мислење од националниот совет на националното малцинство**,
- Доколку националниот совет на националното малцинство **не достави мислење во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, се смета дека е дадено мислење**.“

| ПОНЕДЕЛНИКВТОРНИК СРЕДА ЧЕТВРТОК ПЕТОК САБОТА НЕДЕЛА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ден на прием на барање за давање мислење** | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | **X**<br>**МИСЛЕЊЕ**<br>**Дадено/Добиено** | | | | |

Заради ефикасно и правилно извршување на ова овластување важно е да се напомене следново:

- Обврската на управниот одбор да **добие мислење од националниот совет на националното малцинство** во себе содржи обврска **барањето за давање мислење за предложениот кандидат, со неопходната документација и пријави, да се достави до националниот совет**,

- Доставувањето на барањето за давање мислење мора да **биде навреме, со цел националниот совет да има доволно време да ги разгледа доставеното барање, поднесените пријави** и придружната документација,

- Во случај националниот совет **да не го даде или да не го достави бараното мислење во пропишаниот рок** се смета дека **дал мислење за предложениот кандидат, односно дека на тој начин е исполнет задолжителниот услов што**

**го пропишува законот и отстранета е пречката за натамошно спроведување на изборот,**

- Дека доколку националниот совет **не добил барање за давање мислење или не го добил навреме** (на пример, не се остава доволно време за разгледување на поднесеното барање), постои можност за **обраќање до министерот за образование** што е овластен, доколку **утврди дека постапката на конкурсот не е спроведена во согласност со законот, во рок од 8 дена да донесе решение за повторно распишување конкурс за избор на директор**,

- Дека решението на министерот за именување директор е **конечно и може да го побие само незадоволен учесник на конкурсот во соодветна судска постапка, но не и националниот совет на националното малцинство**.

Со преглед на јавно достапните податоци може да се уочи дека оние национални совети што досега го извршувале ова овластување, донесувале акти што ги именувале како „Одлука/Одлука за давање мислење.“ Од друга страна, тие исти национални совети, при извршувањето на други овластувања, на пример, давање предлози, донесувале акти што ги именувале како „Мислење.“ Не навлегувајќи во прецизноста и соодветноста на споменатите наслови, како ни во внатрешната организација и начинот на работа на тие национални совети, потребно е да се укаже на следново:

- **Законот го користи и познава терминот „Мислење“** (него може да го донесе, на пример, Извршниот одбор, а Советот да го потврди со своја Одлука) и
- Од начинот како е именуван наведениот акт, многу **поважни се неговата форма и содржина,** а во двата случаја во постојните, јавно достапни акти, **недостасуваат некои елементи.**

**Модел на Мислење/на Одлука за предложениот кандидат/тим**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА _________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ____________________________**

**Датум: ____________________________**

**Место: ____________________________**

**ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА/______________ УЧИЛИШТЕ**

„____________________"

Во __________________________________________

**Улица _________________ бр. _____________**

_____________________________

Врз основа на член 123 став 8 од Законот за основите на системот за образование и воспитување (*„Сл. весник на РС"*, бр. 88/2017, 27/2018 – др. закон 10/2019 и 6/2020) и член 12 став 1 точка 3 од Законот за националните совети на националните малцинства (*„Службен весник РС"*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на __________ национално малцинство (Број: _____________________ од ____________ 20________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член __________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ____________________ од ____________ 20________ година) (во натамошниот текст: Деловник)[11], Извршниот одбор на Националниот совет на __________ национално малцинство/Националниот совет на __________ национално

[11] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

малцинство (во натамошниот текст: Извршен одбор/Совет), на седницата одржана на ________ 20 ______ година, ја донесе следнава

**МИСЛЕЊЕ/ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ**

**за**

**кандидатите за избор на директор**

**На предучилишната установа /_______________________ училиште**

**„______________________________________________“**

**во ______________________________________________**

**I**

Кандидатот ________________________________ (*име и презиме*), _______________________ (*вид и степен на стручна подготовка, односно академско звање*), од _______________________ (*име на место/општина/град*), улица ________________________, ЕМБГ _________________, ЛК Бр. _______________________________, **не ги исполнува/ги исполнува** сите пропишани и неопходни услови за избор на предложената функција.

**II**

Се дава **позитивно/негативно** мислење за избор на предложениот кандидат од член 1 од ова Мислење/Одлука за функцијата директор на Предучилишната установа/_______________________ училиште „____________________________________“ во _______________________________.

## III

Одлуката да се достави до претседателот на Советот заради одобрување на првата наредна седница на Советот[12]/Предучилишната установа/_____________________ училиште „_______________________“ во _____________________________.[13]

## IV[14]

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

## *Образложение*[15]

---

[12] Со член 7 став 7 од Законот се предвидува Советот на првата наредна седница да ја одобри одлуката што ја донел Извршниот одбор, но и дека одлуката на Извршниот одбор останува во сила дури и ако не биде одобрена од Советот. Во случај на неодобрување на одлуката на Извршниот одбор, на Извршниот одбор му престанува мандатот, но одлуката останува во сила. Во согласност со тоа, и таквите одлуки што ги донел Извршниот одбор, барем според сега важечкото решение, се полноважни и може да му се достават на барателот на мислење/предлог/согласност и да се објават на огласната табла и на официјалната интернет-презентација на Советот.

[13] Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со својот Статут му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

[14] Овој член се применува само во случаи кога Мислењето/Одлуката го/ја донел Советот за национално малцинство. Доколку станува збор за Мислење/Одлука што го/ја донел Извршниот одбор, идентичен член треба да се наоѓа и во одлуката со која Советот го/ја одобрува.

[15] Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

**Модел на Одлука/Заклучок[16] за давање согласност за**

**Мислење/Одлука на Извршниот одбор**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА __________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: _____________________________**

**Датум: _____________________________**

**Место: _____________________________**

Врз основа на член 7 став 7 од Законот за националните совети на националните малцинства(*„Службен весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018) (во натамошниот текст: Закон), одредбите од член _________од Статутот на Националниот совет на__________ национално малцинство (Број: _____________________ од ____________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Статут) и член __________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: _____________________ од ____________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Деловник) [17], Националниот совет на __________ национално малцинство (во натамошниот текст: Совет), на седницата одржана на ________ 20 ______ година, донесе

---

[16] Да се избере една од понудените опции, во зависност од тоа кој и каква одлука донел претходно.

[17] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

**ОДЛУКА/ЗАКЛУЧОК**

**За**

**ПОТВРДУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО/ОДЛУКАТА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА/__________________ УЧИЛИШТЕТО „______________________________“ во**

**__________________________________**

**I**

Советот го потврдува Мислењето/Одлуката на Извршниот одбор за давање мислење за избор на директор на Предучилишната установа /____________________ училиште „__________________________“ во ________________________ (Број: ____________) донесена на ________________________ 20___ година.

**II**

Одлуката/Заклучокот, со неопходната документација, да се достави во Предучилишната установа/_____________________ училиште „_______________“ во ____________________________.

**III**

Одлуката/Заклучокот да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

***Образложение***[18]

---

[18] Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти за тоа зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

### *5.2. Давање предлог*

Овластувањето на националните совети да предлагаат кандидати за органите на управување не е ништо помалку важно ни вообичаено.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Учество во управувањето со установите**

Член 12

Во **установите за предучилишно воспитување и образование, основно и средно образование и воспитување,** чиј основач е..........., во кои **образовно-воспитната работа се изведува и на јазикот на националното малцинство или во кои се изучуваат говорот, јазикот и културата на националното малцинство како посебен наставен предмет**, националниот совет:

2. **ги предлага членовите на управниот**, односно **училишниот одбор – претставници на единицата на локалната самоуправа**во установата во која таа **работа се изведува на јазикот на националното малцинство во повеќето одделенија или за која е утврдено дека е од посебно значење за образованието на националното малцинство.**

Во **установите за ученички и студентски стандард,** чиј основач е............., националниот совет:

1. **предлага еден член – претставник на основачот** ........ Ако во единицата на локалната самоуправа **во службена употреба се повеќе јазици на националните малцинства**, заинтересираните **национални совети предлагаат заеднички кандидат за член на управниот одбор**.“

Во рамките на наведената група овластувања, едно од најчесто користените е овластувањето на националниот совет да предлага членови на органите на управувањето во установите на предучилишно воспитување и образование, како и во установите на основното и средното образование и воспитување.

**Закон за основите на системот за образование и воспитување**
(*„Сл. весник РС“*, бр. 88/2017, 27/2018 – др. закон, 10/2019, 27/2018 – др. закон и 6/2020)
**„Состав и именување на органите на управување**

Член 116

- **Во органот на управување** членуваат по тројца претставници од редот на вработените во установата, родителите, односно други законски застапници и **тројца претставници на предлог од единицата на локалната самоуправа,**
- **Членовите на органот на управување на установата ги именува и разрешува собранието на единицата на локалната самоуправа**, ............
- **Во установата во која во сите или во повеќето одделенија образовно-воспитната работа се изведува на јазикот на националното малцинство, националниот совет на националното малцинство предлага тројца претставници на единицата на локалната самоуправа во органот на управување.“**

Заради ефикасно и правилно извршување на ова овластување важно е да се напомене:

- Ако **овластениот предлагач,** а со самото тоа и националниот совет, **не спроведе постапка во согласност со законот или предложи кандидат спротивно на одредбите од законот, собранието на единицата на**

**локалната самоуправа ќе определи нов рок за усогласување** со законот,

- Ако **овластениот предлагач не постапи** во согласност со законот **ниту во повторно дадениот рок, собранието на единицата на локалната самоуправа само ќе ги именува членовите на органот на управување без предлог** од овластениот предлагач,
- **Собранието на единицата на локалната самоуправа е должно, односно мора да усвои,** доколку предлогот е спроведен во согласност со законот, **предлог за член на органот на управување од редот на вработените во установата и од родителите,** но **не и предлог од националните совети**,
- **Собранието на единицата на локалната самоуправа донесува решение за именување на органот на управување,**
- **Решението за именување е конечно и националниот совет како овластен предлагач може да го побие во соодветна судска постапка.**

**Модел на Мислење/на Одлука за предлогот за избор на членови на Управниот/Училишниот одбор**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ___________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ______________________________**

**Датум: _____________________________**

**Место: _____________________________**

**ГРАД/ОПШТИНА _____________________________**

**СОБРАНИЕ НА ГРАДОТ/ОПШТИНАТА**

**Улица ________________ бр. _____________**

____________________________

Врз основа на член 116 став 8 од Законот за основите на системот за образование и воспитување („*Сл. весник на РС*", бр. 88/2017, 27/2018 – др. закон, 10/2019 и 6/2020) и член 12 став 1 точка 2 од Законот за националните совети на националните малцинства („*Службен весник на РС*", бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на _________ национално малцинство (Број: ____________________ од ___________ 20________ година) (во натамошниот текст: Статут) и член _________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ____________________ од ___________ 20________ година) (во натамошниот текст: Деловник)[19], Националниот совет на ______________________ национално малцинство/Извршен одбор (во натамошниот текст: Совет/Извршен одбор)[20], на седницата одржана на _______ 20 _____ година, го/ја донесе следново/следнава

**МИСЛЕЊЕ/ОДЛУКА**

**за**

**кандидат/и за избор на член/ови на Управниот/Училишниот одбор**

**на Предучилишната установа /_____________________ училиште**

„____________________" во ________________________________________

[19] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

[20] Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со својот Статут му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

**I**

За членови на Управниот/Училишниот одбор на Предучилишната установа/____________________ училиште „_________________________“ во ________________________ **се предлагаат:**

- Кандидат ______________________________ (*име и презиме*), _____________________ (*вид и степен на стручна подготовка, односно академско звање*), од _____________________ (*име на место/општина/град*), улица ______________________, ЕМБГ ___________________________, ЛК Бр. ____________________________,
- Кандидат ______________________________ (*име и презиме*), _____________________ (*вид и степен на стручна подготовка, односно академско звање*), од _____________________ (*име на место/општина/град*), улица ______________________, ЕМБГ ___________________________, ЛК Бр. ____________________________,
- Кандидат ______________________________ (*име и презиме*), _____________________ (*вид и степен на стручна подготовка, односно академско звање*), од _____________________ (*име на место/општина/град*), улица ______________________, ЕМБГ ___________________________, ЛК Бр. ____________________________.

**II**

Одлуката да се достави до претседателот на Советот заради одобрување на првата наредна седница на Советот[21]/Собранието на градот/општината_____________________________________________[22]

[21] Со член 7 став 7 од Законот се предвидува Советот на првата наредна седница да ја одобри одлуката што ја донел Извршниот одбор, но и дека одлуката на

## III[23]

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

## *Образложение*[24]

---

Извршниот одбор останува во сила дури и ако не биде одобрена од Советот. Во случај на неодобрување на одлуката на Извршниот одбор, на Извршниот одбор му престанува мандатот, но одлуката останува во сила. Во согласност со тоа, и таквите одлуки што ги донел Извршниот одбор, барем според сега важечкото решение, се полноважни и може да му се достават на барателот на мислење/предлог/согласност и да се објават на огласната табла и на официјалната интернет-презентација на Советот.

22 Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со Статутот му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

23 Овој член се применува само во случаи кога Мислењето/Одлуката го/ја донел Советот за национално малцинство. Доколку станува збор за Мислење/Одлука што го/ја донел Извршниот одбор, идентичен член треба да се наоѓа и во одлуката со која Советот го/ја одобрува.

24 Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

## 6. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА СЛУЖБЕНАТА УПОТРЕБА НА ЈАЗИКОТ И ПИСМОТО

Јазикот е основно обележје на личниот и/или колективниот идентитет. Поради тој факт, **правото на употреба на мајчиниот јазик и писмо** има посебна заштита во рамките на зачувувањето на посебноста на националните малцинства и претставува уставна категорија.

Според областа на употреба и остварување на правото на употреба на мајчиниот јазик и писмо, може да се подели на:

- Право на **приватна** употреба,
- Право на **јавна** употреба,
- Право на **службена** употреба.

Службената употреба на јазикот и писмото сама по себе е сложен поим што опфаќа голем број најразлични мерки и активности што може да се преземат. Поради тоа, националните совети на националните малцинства во областа на службената употреба на јазикот и писмото на националните малцинства имаат поголем број најразлични овластувања. Воопштено гледајќи, тие може да се групираат на следниов начин:

- Овластување за **преземање мерки и активности** за унапредување на службената употреба на јазикот и писмото на националното малцинство;
- Овластување за **донесување одлуки (утврдување);**
- Овластување за **предлагање мерки, активности и одлуки** и
- Овластување за **давање мислење.**

Јазиците и писмата на националните малцинства може да бидат во службена употреба на сите три нивоа на јавната власт:

- Нивото на единицата на локалната самоуправа (**локално**),

- Нивото на автономни покраини (**покраинско**) и
- Нивото на Република Србија (**републичко**).

Остварувањето на правата на службена употреба на јазикот и писмото на националното малцинство **на локално ниво,** гледано според зачестеноста и бројноста, е најчест вид остварување на ова право и најважен за секојдневниот живот на припадниците на националните малцинства.

**Закон за заштита на правата и слободите на националните малцинства**

(*„Сл. весник на СРЈ“*, бр. 11/2002, *„Сл. весник на СЦГ“, бр. 1/2003 – Уставна повелба* и *„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009 – др. закон, 97/2013 – одлука на УС и 47/2018)

**„Службена употреба на јазикот и писмото**

Член 11

На територијата на единицата на локалната самоуправа каде што **традиционално живеат припадници на националните малцинства, нивниот јазик и писмо може да бидат во рамноправна** употреба.

...........

На територијата на тие единици на локалната самоуправа ...., **имињата на единиците на локалната самоуправа, населените места, плоштадите и улиците и на други топоними се испишуваат и на јазикот на предметното национално малцинство, според неговата традиција и правопис**......

Во населените места во единиците на локалната самоуправа, ............, во кои **процентот на припадниците на определено национално малцинство во вкупниот број на населението на територијата на**

**населеното место достигнува 15 % ................................, имињата на единиците на локалната самоуправа, на населените места, плоштадите и улиците и на други топоними се испишуваат и на јазикот на предметното национално малцинство, според неговата традиција и правопис и во случај** јазикот на тоа национално малцинство да **не е во службена употреби на територијата на** единицата на локалната самоуправа."

Од гледна точка на зачувување на посебноста, а истовремено и како најдобар доказ на рамноправната употреба на мајчиниот јазик и писмо на националното малцинство, две најважни овластувања на националниот совет се:

- **самостојно да одлучува** (на пример, за утврдување на традиционалните имиња на единиците на локалната самоуправа, населените места и други) и
- да **учествува во одредувањето на имињата** (на пример, на улици, плоштади, градски квартови итн.).

### *6.1. Самостојно одлучување*

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС"*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„5. Овластувања во областа на службената употреба на јазикот и писмото**

Член 22

Националниот совет:

1. **ги утврдува традиционалните имиња на** единиците на локалната самоуправа, на населените места и на други географски имиња на јазикот на националното малцинство, ако на подрачјето на единицата на локалната самоуправа или на населеното место **јазикот на националното малцинство е во службена употреба**..."

Правилното извршување на ова овластување подразбира дека националните совети, при неговото извршување, треба да се придржуваат до определени правила:

- Формата, односно правниот акт со кој се утврдува традиционалното име е **Решение;**

- Решението за нивното утврдување **се објавува** во *„Службениот весник на Република Србија“*, а во случај на национални совети чие седиште се наоѓа на територијата на Автономна покраина Војводина во *„Службениот весник на Автономна покраина Војводина“*. Решенијата со кои се утврдуваат традиционалните имиња се објавуваат и во локален службен гласник;

- Имињата што ќе ги **утврди националниот совет стануваат имиња во службена употреба на јазикот и писмото на тоа национално малцинство;**

- Тие **не може да ги заменат имињата на единиците на локалната самоуправа, на населените места и на други географски имиња на српски јазик и писмо,** туку **рамноправно и истовремено се употребуваат покрај нив**;

- Сама по себе одлуката на националниот совет не е доволна, туку неопходно е **собранието на единицата на локалната самоуправа споменатите имиња на јазикот и писмото на националното малцинство да ги „воведе“ во употреба, односно да ги пропише во статутот**, поточно за тоа да донесе соодветни измени на постојниот статут;

Во практиката често се превидува фактот дека Законот за локалната самоуправа пропишува уште еден услов повеќе, поточно задолжително учество на уште една форма на организирање, во постапката за промена на името – на советот за меѓунационални односи.

**Закон за локалната самоуправа**

(*„Сл. весник на РС“*,бр. 129/2007, 83/2014 – др. закон, 101/2016 – др. закон и 47/2018)

Член 93

**„Собранието на единицата на локалната самоуправа утврдува** .... и одлучува за имињата на улиците, плоштадите, градските квартови, селцата и на други делови на населените места на својата територија.........., по **претходна согласност од министерството што е надлежно за работите на локалната самоуправа.**

Ако **на подрачјето на единицата на локалната самоуправа јазикот на националното малцинство е во службена употреба,** во постапката за промена на имињата на улиците, плоштадите, градските квартови, селцата и на други делови на населените места, **ќе се побара мислење од националниот совет и од советот за меѓунационални односи.“**

Иако податоците од секојдневниот живот може да укажуваат на поинакво мислење, основањето на советот за меѓунационални односи (СМО) е **обврска на единиците на локалната самоуправа пропишана со закон**. Одлуката за формирање СМО треба, покрај конститутивните елементи – состав и лични податоци на сите членови, да ги дефинира нивната надлежност, делокругот на работењето и начинот на работење.

**Закон за локалната самоуправа**

(*„Сл. весник на РС“*,бр. 129/2007, 83/2014 – др. закон, 101/2016 – др. закон и 47/2018)

Член 98

**„Во национално мешани единици на локалната самоуправа се основа совет за меѓунационални односи, како самостојно работно тело, кој го сочинуваат претставници на српскиот народ и на националните малцинства, во согласност со овој закон и со статутот.**

**За национално мешани единици на локалната самоуправа, во смисла на овој закон, се сметаат единиците на локалната самоуправа во кои припадниците на едно национално малцинство се повеќе од 5 % од вкупниот број жители или на сите национални малцинства се повеќе од 10 % од вкупниот број жители според последниот попис на населението во Република Србија.**

**Претставници во советот за меѓунационални односи може да имаат припадниците на српскиот народ и на националните малцинства со повеќе од 1 % учество во вкупното население на единицата на локалната самоуправа.**

**Во случај на национални малцинства што имаат свои избрани национални совети, претставниците на националните малцинства во советот се избираат на предлог од националниот совет,** а претставниците на српскиот народ ги предлага постојано работно тело на собранието на единицата на локалната самоуправа што ги извршува работите во врска со кадровските прашања.“

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„5. Овластувања во областа на службената употреба на јазикот и писмото**

Член 10 *

Националниот совет:

7) **ги предлага претставниците** на националното малцинство **во советот за меѓунационални односи** во единицата на локалната самоуправа;“

### *6.2.Давање предлози*

Една од карактеристиките на областа на службената употреба на јазикот и писмото на националните малцинства е дека овластувањето на националниот совет да дава предлози, за разлика од другите области, овде претставува група со најголем број конкретни овластувања. Истовремено, тоа навистина е едно од оние овластувања за чие извршување постои постојана и честа потреба.

Националниот совет учествува во одредувањето на имињата на два начина:

- **Со предлагање промени** на овие имиња и
- **Со давање мислење** во постапката за утврдување на овие имиња.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Овластувања во областа на службената употреба на јазикот и писмото**

Член 22

Националниот совет: .................

2. му предлага на надлежниот орган **истакнување на имињата на единиците на локалната самоуправа, населените места и на други географски имиња на јазикот и писмото** на националното малцинство,

3. предлага **утврдување на јазикот и писмото на националното малцинство како службен јазик и писмо во единицата на локалната самоуправа,**

4. предлага **промена на имињата на улиците, плоштадите, градските квартови, селцата, други делови на населените места, како и на установите за кои е утврдено дека се од посебно значење за националното малцинство**,

6. му предлага на **надлежниот орган извршување надзор над службената употреба на јазикот и писмото** на националното малцинство.“

Правилното извршување на ова овластување подразбира дека националните совети, при неговото извршување, треба да се придржуваат до определени правила:

- Доколку националниот совет **предлага промена на имињата** на улиците, плоштадите, градските квартови, селцата и други делови на населените места, предлогот мора да биде составен во **форма на Предлог-решение на Собранието на единицата на локалната самоуправа, со образложение**,
- Наведената Предлог-одлука мора да биде **упатена до Собранието на единицата на локалната самоуправа,**
- Доколку националниот совет **предлага истакнување на имињата на** единиците на локалната самоуправа, населените места и други географски имиња на јазикот и писмото на националното малцинство, тој предлог мора да биде во **форма на Одлука на националниот совет, со образложение**,
- Наведената Одлука на националниот совет мора да биде **упатена до градската/општинската служба надлежна за локалните сообраќајници или до Јавното претпријатие „Путеви Србије“ заради истакнување на имињата на магистралните патишта**.

**Закон за локалната самоуправа**
(*„Сл. весник на РС“*, бр. 129/2007, 83/2014 – др. закон, 101/2016 – др. закон и 47/2018)

Член 94

**„Ако содржината на одредбите на предлог-статутот на единицата на локалната самоуправа или на други акти за ..... имињата на делови на населените места не соодветствува на историските или на вистинските факти, ако со нив се повредуваат општите или државните интереси, националните или верските чувства или се навредува јавниот морал, министерството што е надлежно за работите на локалната самоуправа, во рок од 60 дена од денот на приемот на предлог-статутот или друг акт, ќе одбие да даде согласност за тие одредби.**

**Ако министерството што е надлежно за работите на локалната самоуправа не се изјасни во рок од 60 дена, ќе се смета дека е дадена согласност.“**

**Модел на Решение за утврдување на традиционалното име**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ___________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ______________________________**

**Датум: ______________________________**

**Место: ______________________________**

**ГРАД/ОПШТИНА _____________________________**

**СОБРАНИЕ НА ГРАДОТ/ОПШТИНАТА**

**Улица __________________ бр. ______________**

______________________________

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за национални совети на националните малцинства („*Службен весник на РС*“, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на _________ национално малцинство (Број: ____________________ од ___________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член _________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ____________________ од ___________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Деловник) [25], Националниот совет на _________ национално малцинство/Извршниот одбор (во натамошниот текст: Совет/Извршен одбор), на седницата одржана на _______ 20 _____ година, го донесе следново

**РЕШЕНИЕ**

**за**

**утврдување на традиционалното име на Градот/Општината**

**_______________________ на јазикот и писмото на**

**_____________________ националното малцинство**

**I**

Името „____________________“ се утврдува како традиционално име на Градот/Општината _______________________ на јазикот и писмото на __________________ национално малцинство.

**II**

Одлуката да се достави до претседателот на Советот заради одобрување на првата

---

[25] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

наредна седница на Советот[26]/Собранието на Градот/Општината_____________________.[27]

## III[28]

Одлуката да се објави во „Сл. весник на РС"/„*Службен весник на Автономна покраина Војводина*", „*Сл. весник на градот/општината ___________*", на огласната табла на официјалната интернет-страница на Советот.

## ***Образложение***[29]

[26] Со член 7 став 7 од Законот се предвидува Советот на првата наредна седница да ја одобри одлуката што ја донел Извршниот одбор, но и дека одлуката на Извршниот одбор останува во сила дури и ако не биде одобрена од Советот. Во случај на неодобрување на одлуката на Извршниот одбор, на Извршниот одбор му престанува мандатот, но одлуката останува во сила. Во согласност со тоа, и таквите одлуки што ги донел Извршниот одбор, барем според сега важечкото решение, се полноважни и може да му се достават на барателот на мислење/предлог/согласност и да се објават на огласната табла и на официјалната интернет-презентација на Советот.

[27] Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со Статутот му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

[28] Овој член се применува само во случаи кога Мислењето/Одлуката го/ја донел Советот за национално малцинство. Доколку станува збор за Мислење/Одлука што го/ја донел Извршниот одбор, идентичен член треба да се наоѓа и во одлуката со која Советот го/ја одобрува.

[29] Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

**Модел на Мислење/на Одлука за давање Мислење**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: __________________________**

**Датум: _________________________**

**Место: _________________________**

**ГРАД/ОПШТИНА __________________________**

**СОБРАНИЕ НА ГРАДОТ/ОПШТИНАТА**

**ГРАДСКА/ОПШТИНСКА УПРАВА**

**Комисија за имиња на делови на населби, улици и плоштади**

**Улица ________________ бр. _____________**

**___________________________**

Врз основа на член 93 од Законот за локалната самоуправа („*Службен весник на РС*", бр. 129/2007, 83/2014 – др. закон, 101/2016 – др. закон и 43/2018) и член 22 став 1 точка 6 од Законот за националните совети на националните малцинства („*Службен весник на РС*", бр. 72/2009, 20/2014 - одлука на УС, 55/2014 и 47/2018), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на _________ национално малцинство (Број: ___________________ од ___________ 20________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член _________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ___________________ од ___________ 20________ година) (во натамошниот текст: Деловник) [30], Националниот совет на _________ национално малцинство/Извршниот одбор (во

[30] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

натамошниот текст: Совет/Извршен одбор), на седницата одржана на ________ 20 ______ година, го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ/ОДЛУКА**

**за**
**давање Мислење за Предлог-решение за утврдување имиња на делови на населби/плоштади/улици на територијата на Градот/Општината ________________________**

**I**

Се дава **позитивно/негативно** мислење за Предлог-решение за утврдување име на дел од населба/плоштад/улица (дел од населба/плоштад/улица ________________________________) на територијата на Градот/Општината ________________________ што Комисијата за имиња на делови на населби, улици и плоштади го утврдила на седницата одржана на ___________________ 20 _____ година (Број: _______________________).

**II**

Одлуката да се достави до претседателот на Советот заради одобрување на првата наредна седница на Советот[31]/до Комисијата

[31] Со член 7 став 7 од Законот се предвидува Советот на првата наредна седница да ја одобри одлуката што ја донел Извршниот одбор, но и дека одлуката на Извршниот одбор останува во сила дури и ако не биде одобрена од Советот. Во случај на неодобрување на одлуката на Извршниот одбор, на Извршниот одбор му престанува мандатот, но одлуката останува во сила. Во согласност со тоа, и таквите одлуки што ги донел Извршниот одбор, барем според сега важечкото решение, се полноважни и може да му се доставаат на барателот на мислење/предлог/согласност и да се објават на огласната табла и на официјалната интернет-презентација на Советот.

за имиња на делови на населби, улици и плоштади на Градот/Општината ___________________________________.[32]

**III[33]**

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

***Образложение[34]***

---

[32] Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со Статутот му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

[33] Овој член се применува само во случаи кога Мислењето/Одлуката го/ја донел Советот за национално малцинство. Доколку станува збор за Мислење/Одлука што го/ја донел Извршниот одбор, идентичен член треба да се наоѓа и во одлуката со која Советот го/ја одобрува.

[34] Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

## 7. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Без оглед како и на кој начин го сфаќаме поимот „култура" оваа област е една од најсложените и најпредизвикувачките кога станува збор за овластувањата на националните совети. Причините се многубројни:

- Станува збор за област во која се **среќаваат и поврзуваат минатото, сегашноста и иднината на националното малцинство**,
- Станува збор за многу **разгранета и разновидна правна рамка** за чија правилна и ефикасна примена се одлучувачки и доминантни знаењата за прописите од областите на **библиотекарството, архивистиката, музеологијата, литературата, книжевноста, издаваштвото, музиката, ликовната уметност, археологијата** итн.
- Во таа област **доминанти се одлуките и активностите од стратегиски карактер**,
- **Иницијативата и активизмот** на националниот совет се едни од основните карактеристики на оваа област,
- Поради тоа, во оваа област капацитетите на националниот совет се од исклучително значење бидејќи
- Целта што се сака да се постигне е трикратна: **зачувување, развој и ширење** на културата.

Сите овластувања чие извршување им е доверено на националните совети, според нивната правна природа, може да се поделат на:

- **основачки и/или управувачки**,
- **учество во управувањето со установите (именување членови на управниот одбор и давање мислења) и**

- **други овластувања во областа на културата.**

Секоја од наведените групи содржи и голем број конкретни овластувања. Досегашната практика и податоци покажуваат дека еден број од нив не се извршува затоа што не постои потреба за тоа или нема доволно капацитети за нивно квалитетно извршување, додека преостанатите се извршуваат на различни начини, во зависност од тоа за кој национален совет конкретно станува збор.

Стратегиски, најважно овластување на националниот совет во областа на културата е овластувањето да поднесе предлог за утврдување дека определена установа на културата е од посебно значење за националното малцинство.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Учество во управувањето со установите**

Член 17

.......На **предлог од националниот совет**, основачот, со измена на основачкиот акт, може да утврди дека **установата за култура е од посебно значење за националното малцинство**.“

### *7.1. Именување членови на управниот одбор*

Не помалку важно е и овластувањето на националниот совет да именува членови на органите на управување.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Учество во управувањето со установите**

Член 17

Во установите за култура за кои со **измена на основачкиот акт е утврдено дека се од посебно значење за националното малцинство**, националниот совет:

1. **именува најмалку еден член на управниот одбор** на установата, во согласност со законот со кој се уредува областа на културата, ...........“

**Закон за културата**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 13/2016, 30/2016 – испр. и 6/2020)

Член 42

„Во управниот одбор на установата за култура ....... за која со **измената на основачкиот акт е утврдено дека е од посебно значење за зачувување, унапредување и развој на културната посебност и зачувување на националниот идентитет на националното малцинство,најмалку еден член на управниот одбор** се именува на **предлог на соодветниот национален совет**...........“

### *7.2. Давање мислење*

Овластувањето на националните совети да даваат различни видови мислења е едно од овластувања за чие извршување постои постојана и честа потреба.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Учество во управувањето со установите**

Член 17

Во установите за култура за кои со **измена на основачкиот акт е утврдено дека се од посебно значење за националното малцинство**, националниот совет: ..............

2. дава мислење **за предложените членови на управниот одбор** на установата,

3. дава мислење **за постапката за избор на директор** на установата**,**.....“

Сепак, практиката покажа дека во последните години се користи најчесто и за секојдневниот живот на припадниците на националните малцинства е најважно овластувањето за давање едно сосема поинакво мислење.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Други овластувања во областа на културата**

Член 18

Националниот совет: ............................

10. дава **предлог за распределба на средствата од буџетот на** Републиката **што, преку јавен конкурс, им се доделуваат на** автономната покраина или на единицата на локалната самоуправа, установите, манифестациите и здруженијата на националното малцинство во областа на културата, ...“

**Закон за културата**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 13/2016, 30/2016 – испр. и 6/2020)

**„Финансирање и кофинансирање на проекти во културата**

Член 76

Националниот совет на националното малцинство дава **предлог за распределба на средства од буџетот на** Републиката **што, преку јавен конкурс, им се доделуваат на** автономната покраина или на единицата на локалната самоуправа, установите, манифестациите и здруженијата на националното малцинство во областа на културата.......“

Одредбите од Законот што го утврдуваат ова важно овластување не се пропишани на начин што овозможуваат непосредна примена. Затоа за негово ефикасно извршување многу е важна содржината на подзаконскиот акт. Во него се наоѓаат сите неопходни податоци за тоа дека:

- заради **собирање предлози за финансирање, односно кофинансирање на проекти** во културата сите надлежни органи (министерството за култура и информирање, покраинскиот секретаријат за култура, органите на единиците на локалната самоуправа) мора да **распишат јавен конкурс**,
- јавен конкурс мора да се **распише најмалку еднаш годишно**,
- надлежните органи мора да **објават јавен конкурс на својата официјална интернет-страница и во најмалку еден дневен печатен медиум што излегува на територијата што е опфатена со конкурсот**,
- рокот за поднесување пријави **не може да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето во дневниот печатен весник**,
- **право на учество** на конкурсот имаат **установи, уметнички и други здруженија, поединци и други субјекти во културата**,

- пријавите за конкурсот се поднесуваат на **посебен образец** што е **составен дел на конкурсната документација,** а **достапен е на официјалната интернет-страница** на надлежниот орган,
- неопходно е пријавата да биде **целосна, уредно пополнета, со детален и образложен опис на проектот, разработен и прецизен буџет, со точни и целосни податоци за капацитетите на подносителот**,
- **оценување на** проектите **посебно врши секој член на комисијата за секој проект поединечно, а комисијата е должна да состави писмено образложение со наведување на причините за прифаќање, односно неприфаќање на** проектите.

**Уредба за критериумите, мерилата и начинот на избор на проектите во културата што се финансираат и кофинансираат од буџетот на Република Србија, автономната покраина, односно единиците на локалната самоуправа**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 105/2016 и 112/2017)

Член 3

„Критериуми врз чија основа ќе се **оценуваат проекти**....

1) **усогласеност на проектот со општиот интерес во културата и приоритетите на конкурсот**,

2) **квалитет и содржајна иновативност** на проектот,

3) **капацитети** што се потребни за реализација на проектот и тоа:

1. **стручни, односно уметнички** капацитети,
2. други **неопходни ресурси**.

4) **финансиски план –** разработеност, усогласеност со планот на активностите, економичност и вклученост на повеќе извори на финансирање,

5) **степен на влијанието на квалитетот“**

**Модел на Мислење/на Одлука за давање Мислење**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА __________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ______________________________**

**Датум: ______________________________**

**Место: ______________________________**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМИРАЊЕ/ПОКРАИНСКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА _______________________/ГРАД/ОПШТИНА**

**______________________________**

**ГРАДСКА/ОПШТИНСКА УПРАВА**

**Градски/Општински секретаријат за ______________________**[35]

**Улица __________________ бр. _______________**

**______________________________**

Врз основа на член 76 став 5 од Законот за култура („*Службен весник на РС*“, бр. 72/2009, 13/2016 и 30/2016) и член 18 став 1 точка 10 од Законот за националните совети на националните малцинства („*Службен весник на РС*“, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018), а во согласност со член ____ од Статутот на Националниот совет на __________ национално малцинство (Број: ______________________ од _____________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член __________ од Деловникот за

[35] Да се избере една од понудените опции, во зависност од конкретната ситуација, односно кому му се праќа актот.

работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ____________________ од ____________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Деловник)[36], Националниот совет на _____________________________ национално малцинство (во натамошниот текст: Совет/Извршен одбор), на седницата одржана на ________ 20 ______ година, го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ/ОДЛУКА**

**за**
**давање Мислење за Предлог за распределба на средства што се доделуваат по пат на јавен конкурс за финансирање и кофинансирање проекти во областа на културата**

**I**

Се дава **позитивно/негативно** мислење и се **препорачува распределба на средства** за проектот ____________________________________ (назив или име на подносителот) под име „_____________________________“ (име на проектот), пратен на Јавниот конкурс на Министерството за култура и информирање/Покраинскиот секретаријат за ___________________/на Градот/Општината ___________________ за финансирање и кофинансирање проекти во културата.

/

Се дава **позитивно/негативно** мислење и **се препорачува распределба на средства** за следниве проекти што се пратени на Јавниот конкурс на Министерството за култура и информирање/Покраинскиот секретаријат за ___________________/на

---

[36] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

Градот/Општината ____________________ за финансирање и кофинансирање проекти во културата.[37]

Ред. Бр. Име на проектот Име на подносителот Образложение[38]

| | | | |
|---|---|---|---|
| _____ | ________________ | ____________________ | _____________________ |
| _____ | ________________ | ____________________ | _____________________ |
| _____ | ________________ | ____________________ | _____________________ |
| _____ | ________________ | ____________________ | _____________________ |
| _____ | ________________ | ____________________ | _____________________ |

**II**

Одлуката да се достави до претседателот на Советот заради одобрување на првата наредна седница на Советот[39]/Министерството за култура/Покраинскиот секретаријат за

[37] Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали е потребно да се даде мислење за еден или за повеќе предложени проекти за распределба на средства.

[38] На пример Советот препорачува ______________________ финансиски да ја поддржи реализацијата на проектот од значење за зачувување/развој/промоција на уметноста и културата __________________ , со квалитетен концепт и пристап кон темата, обемот и значењето на темата, начинот на кој се обработуваат темите, долгогодишното траење, ангажирањето голем број млади припадници на _____________ национално малцинство затоа што станува збор за традиционална манифестација на____________ национално малцинство, добра реализација на претходните проекти на подносителот бидејќи е во прашање манифестација од големо значење за зачувување на културниот идентитет на __________________________.

[39] Со член 7 став 7 од Законот се предвидува Советот на првата наредна седница да ја одобри одлуката што ја донел Извршниот одбор, но и дека одлуката на Извршниот одбор останува во сила дури и ако не биде одобрена од Советот. Во случај на неодобрување на одлуката на Извршниот одбор, на Извршниот одбор му престанува мандатот, но одлуката останува во сила. Во согласност со тоа, и таквите одлуки што ги донел Извршниот одбор, барем според сега важечкото решение, се полноважни и може да му се доставаат на барателот на мислење/предлог/согласност и да се објават на огласната табла и на официјалната интернет-презентација на Советот.

_____________/Градот/Општината ____________________________

Секретаријатот за _____________________.[40]

**III[41]**

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

***Образложение[42]***

| |
|---|
| **ЗАБЕЛЕШКА**: Комисиите што донесуваат одлука за распределба на средствата што се доделуваат по пат на јавен конкурс должни се во Образложението на својата одлука, кога ќе отстапат од Предлогот/Мислењето на националните совети, детално и целосно да ги објаснат причините и фактите врз чија основа го направиле тоа. Секое спротивно постапување го прави бесмислено секое учество на националните совети во оваа постапка. |

40 Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со својот Статут му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

41 Овој член се применува само во случаи кога Мислењето/Одлуката го/ја донел Советот. Доколку станува збор за Мислење/Одлука што го/ја донел Извршниот одбор, идентичен член треба да се наоѓа и во одлуката со која Советот го/ја одобрува.

42 Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

## 8. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ ВО ОБЛАСТА НА ИНФОРМИРАЊЕТО

Областа на информирањето во многу работи е слична на областа на културата кога станува збор за овластувањата на националните совети. Тоа е област:

- во која покрај основната функција – **информирање** постои и споредна, но не помалку важна функција, со информирањето да се придонесе за **зачувувањето на културниот и јазичниот идентитет** на националните малцинства,
- каде што се бара и се очекува **проактивен пристап** на националните совети,
- во која **одговорноста за целосно, ефикасно и правилно остварување е рамноправно поделена меѓу органите на јавната власт и националните совети**.

Правото на информираност, исто така, е уставна категорија. Припадниците на националните малцинства во Србија уживаат двојни гаранции на правото на информираност. Едното е општото право на информираност што им е гарантирано на сите граѓани, додека другото е правото на информирање на мајчиниот јазик со единствена цел да се зачувуваат посебните национални малцинства.

**Устав**
(*„Сл. весник на РС“*, бр. 98/2006)

**„Право на информираност**
Член 51
Секој има право **вистинито, целосно и навреме да биде информиран за прашањата од јавно значење** и

| | |
|---|---|
| | средствата за јавно информирање се должни да го почитуваат тоа право.“<br><br>**Право на зачувување на посебноста**<br>Член 79<br>„Припадниците на националните малцинства имаат право:<br><br>- на **целосно, навремено и непристрасно информирање на својот јазик**;<br>- на **изразување, примање и размена на информации и идеи на својот јазик**;<br>- на **основање сопствени средства за информирање**.“ |

Сите овластувања чие извршување им е доверено на националните совети во оваа област, според нивната правна природа може да се поделат на:

- **основачки и/или управувачки**,
- **учество во управувањето со установите (предлагање и давање мислења),**
- **учество во донесувањето одлуки и**
- **други овластувања во областа на информирањето.**

Секоја од наведените групи содржи и голем број конкретни овластувања. Сепак, практиката покажа дека најчесто се врши едно од овластувањата од последната група, иако тоа не е од оперативна, туку од стратегиска природа. Тоа не треба да зачудува бидејќи областа на информирање има уште една карактеристика – потреба за постојано и соодветно финансирање. Еден од најзначајните начини за остварување на правото на информирање на граѓаните припадници на националните малцинства е по пат на различни конкурси за проекти што редовно ги распишуваат Министерството за култура и информирање, Покраинскиот секретаријат за информирање и единиците на локалната самоуправа. Покрај тоа,

достапен им е и дополнителен извор на приходи – Буџетски фонд за националните малцинства, со кој до неодамна управуваше Министерството за државна управа и локална самоуправа, а, според новиот Закон за министерствата, тој би требало да биде во надлежност на **Министерството за човекови и малцински права и општествен дијалог.**

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Буџетски фонд за националните малцинства**

Член 119

Средствата од Буџетскиот фонд се доделуваат по пат на **јавен конкурс за финансирање програми и проекти од областа на културата, образованието, информирањето и службената употреба на јазикот и писмото** ......“

**ЗАБЕЛЕШКА: Приоритетната област за која Буџетскиот фонд ќе обезбеди средства се дефинира на седница на Советот за националното малцинство, а врз основа на препораките на НСНМ, односно Координацијата на националните совети на националните малцинства.**

Кога станува збор за давање мислење, вреди да се напоменат неколку работи:

- Националните совети може значително да **влијаат со авторитетот и со квалитетот на мислењето** што го упатуваат за проектите од областа на информирањето,

- Нивниот став за тоа прашање, **по правило, се уважува**,
- **Конкурсите за финансирање и кофинансирање се јавни**,
- Органот што го распишува конкурсот **е обврзан да добие мислење од националниот совет**,
- **Претпоставка** е дека тој орган **навреме ќе им достави целосна документација** на националните совети за да имаат доволно време и врз основа на тоа да дадат мислење,
- При давање мислење треба да се има предвид дека практиката покажала дека **досегашен најголем проблем е реализацијата на проектите за кои се одобрени средствата**.

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(„*Сл. весник на РС*“, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

**„Други овластувања во областа на информирањето**

Член 21

Националниот совет: ......

2. дава **предлог за распределба на средства** за проекти што се поднесуваат на јавен конкурс што го распишува органот на јавна власт, **заради зголемување на квалитетот на информирањето на припадниците на националните малцинства**; ...."

**Закон за јавно информирање и медиуми**

(„*Сл. весник на РС*“, бр. 83/2014, 58/2015 и 12/2016 – автентично толкување)

**„Остварување на правата на информирање на националните малцинства**

Член 13

„Со цел да се овозможи **остварување на правата на националните малцинства на информирање на сопствениот јазик и на негување на сопствената култура и идентитет**, ............... **обезбедува дел од средствата, преку кофинансирање** или други услови за работата на медиумите што објавуваат информации на јазиците на националните малцинства ...............

**Конкурсна комисија**

Член 24

....... За проектите што се поднесуваат на конкурс, кој се распишува заради зголемување на квалитетот на **информирањето на припадниците на националните малцинства, задолжително се бара мислење од соодветниот национален совет** на националното малцинство.“

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ________________________**

**НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО**

**Република Србија**

**Број: ___________________________**

**Датум: __________________________**

**Место: __________________________**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМИРАЊЕ/ПОКРАИНСКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ/ГРАД/ОПШТИНА**

**__________________________**

**Градска/Општинска управа**

**Градски/Општински секретаријат за ____________________**

**Улица ________________ бр. ____________**

**___________________________**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за јавно информирање во медиумите („*Службен весник на РС*“, бр. 83/2014, 58/2015 и 12/2016 – автентично толкување) и член 21 став 1 точка 2 од Законот за националните совети на националните малцинства („*Службен весник на РС*“, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018), а во согласност со член ___ од Статутот на Националниот совет на _________ национално малцинство (Број: ___________________ од ___________ 20_________ година) (во натамошниот текст: Статут) и со член _________ од Деловникот за работа на Националниот совет на националното малцинство (Број: ___________________ од

____________ 20_________ година)[43] (во натамошниот текст: Деловник), Националниот совет на ___________________________ национално малцинство (во натамошниот текст: Совет)/Извршен одбор, на седницата одржана на ________ 20 _____година, го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ/ОДЛУКА**

**за**
**давање Мислење за Предлог за распределба на средства што се доделуваат по пат на јавен конкурс за финансирање и кофинансирање проекти во областа на информирањето**

**I**

Се дава **позитивно/негативно** мислење и се **препорачува распределба на средства** за проектот _____________________________________ (назив или име на подносителот) под име „ _____________________________“ (име на проектот), пратен на Јавниот конкурс на Министерството за култура и информирање/Покраинскиот секретаријат за информирање/Градот/Општината ____________________ за финансирање и кофинансирање проекти во културата.

/

Се дава **позитивно/негативно** мислење и **се препорачува распределба на средства** за следните проекти што се пратени на Јавниот конкурс на Министерството за култура и информирање/Покраинскиот секретаријат за

[43] Да се изберат сите или некои од понудените опции, во зависност од внатрешната организација и начинот на работа и одлучување на националниот совет на националното малцинство.

информирање/Градот/Општината ___________________ за финансирање и кофинансирање проекти во културата.[44]

II

Одлуката да се достави до претседателот на Советот заради одобрување на првата наредна седница на Советот[45]/Министерството за култура/Покраинскиот секретаријат за информирање/Градот/Општината ________________________ Секретаријатот за ____________________.[46]

III[47]

Одлуката да се објави на огласната табла и на официјалната интернет-страница на Советот.

---

44 Да се избере една од понудените опции, во зависност од тоа дали е потребно да се даде мислење за еден или за повеќе предложени проекти за распределба на средства.

45 Со член 7 став 7 од Законот се предвидува Советот на првата наредна седница да ја одобри одлуката што ја донел Извршниот одбор, но и дека одлуката на Извршниот одбор останува во сила дури и ако не биде одобрена од Советот. Во случај на неодобрување на одлуката на Извршниот одбор, на Извршниот одбор му престанува мандатот, но одлуката останува во сила. Во согласност со тоа, и таквите одлуки што ги донел Извршниот одбор, барем според сега важечкото решение, се полноважни и може да му се доставаат на барателот на мислење/предлог/согласност и да се објават на огласната табла и на официјалната интернет-презентација на Советот.

46 Да се избере една од понудените опции, во зависност од фактот дали Советот со својот Статут му доверил или не на Извршниот одбор да одлучува за поединечни прашања во врска со извршувањето на овластувањата на националниот совет предвидени со законот.

47 Овој член се применува само во случаи кога Мислењето/Одлуката го/ја донел Советот за национално малцинство. Доколку станува збор за Мислење/Одлука што го/ја донел Извршниот одбор, идентичен член треба да се наоѓа и во одлуката со која Советот го/ја одобрува.

## *Образложение*[48]

| |
|---|
| **ЗАБЕЛЕШКА**: Комисиите што донесуваат одлука за распределба на средствата што се доделуваат по пат на јавен конкурс должни се во Образложението на својата одлука, кога ќе отстапат од Предлогот/Мислењето на националните совети, детално и целосно да ги објаснат причините и фактите врз чија основа го направиле тоа. Секое спротивно постапување го прави бесмислено секое учество на националните совети во оваа постапка. |

48 Во согласност со принципот на добра управа, секој правен акт со кој се одлучува за правата и обврските, а со самото тоа и оној што е донесен со извршување јавни овластувања, треба да има образложение, дотолку повеќе ако негов задолжителен прилог не претставува записникот од седницата на која е донесен. Образложението треба да ги содржи, и на тој начин на јавноста да ѝ ги направи достапни, решавачките факти зошто и на кој начин е донесен правниот акт со точно определена содржина како, на пример, во Моделот на Одлуката за промена на податоците бр. 1а.

# 9. НАЦИОНАЛНИ СОВЕТИ И НЕЗАВИСНИ ОРГАНИ

## *9.1. Заштитник на граѓаните*

Заштитникот на граѓаните располага со поголем број многу важни овластувања кога е во прашање остварувањето на јавните овластувања на националните совети.

> **Закон за Заштитникот на граѓаните**
>
> („*Сл. весник на РС*“, бр. 79/2005 и 54/2007)
>
> „Член 17
>
> Заштитникот на граѓаните.... **го контролира почитувањето на правата на граѓаните**, ги утврдува повредите извршени со акти, дејствување или недејствување на органите на управата....... **ги контролира законитоста и правилноста на работата на органите на управата....**
>
> Член 18
>
> Заштитникот на граѓаните има право да **предлага закони** од својата надлежност.
>
> Заштитникот на граѓаните е овластен на **Владата, односно на Собранието да ѝ/му поднесе иницијатива за измени и дополнувања на законите....**
>
> Заштитникот на граѓаните е овластен во постапката за примена на прописите да им **дава мислење на Владата и на Собранието за предлозите на закони и на други прописи** ако со нив се уредуваат прашања што се од значење за заштитата на правата на граѓаните.
>
> Член 19
>
> Заштитникот на граѓаните е овластен да **поведе постапка пред Уставниот суд за оцена на уставноста и законитоста** на законите, другите прописи и општите акти.

Член 20

Заштитникот на граѓаните е овластен јавно да препорача разрешување на функционер што е одговорен за повредата на правата на граѓаните, односно да иницира поведување дисциплинска постапка против вработен во органот на управата што непосредно е одговорен за направената повреда...“

Заштитникот на граѓаните постапува:

1. По **жалба** и/или
2. По **сопствена иницијатива**.

За да биде ефикасен овој механизам на заштита, неопходно е да бидат исполнети неколку услови:

3. Заштитникот на граѓаните треба да биде **последна, а не прва скала** во заштитата на нечие право што е повредено,
4. Затоа **пред поднесување жалба,** подносителот е должен да **се обиде да ги заштити своите права во соодветна правна постапка со поднесување на правните средства што му се на располагање,**
5. Доколку не го направи тоа, Заштитникот на граѓаните **нема да поведе постапка по поднесена жалба, туку жалителот ќе го подучи кои правни средства му се на располагање и ќе го упати да поведе соодветна правна постапка**,
6. Само **исклучително**, Заштитникот на граѓаните ќе поведе постапка и пред да бидат исцрпени сите правни средства (ако би била **нанесена ненадоместлива штета, ако станува збор за жалба поради повреда на принципот на добра управа, посебно некоректен однос на органот кон подносителот на жалбата, ненавремено работење** ......

Жалба може да поднесе:

**Закон за Заштитникот на граѓаните**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 79/2005 и 54/2007)

**„Член 25**

**Секое физичко или правно лице, домашно или странско што смета дека со акт, дејство или недејствување на органот на управата му се повредени правата....“**

**Жалба може да се поднесе најдоцна во рок од една година од извршената повреда на правото, односно од последното постапување или непостапување на органот на управата.**

**Тој рок се прекинува и почнува да тече одново со секое дејство или активност, на органот на управата или на жалителот, на пример, допис до органот по повод претходно непостапување.**

| | | |
|---|---|---|
| **X** | **365 дена**<br>**12 месеци**<br>**1 година** | **Жалба до Заштитникот на граѓаните** |

Националните совети може и треба да поднесат жалба до Заштитникот на граѓаните:

1) Кога се повредени **нивните права,** односно кога не се во можност да ги извршуваат овластувањата што им се доверени или државните органи не ги исполнуваат своите должности кон нив (**во свое име**),
2) Кога се повредени **правата на припадниците** на националното малцинство што тие го претставуваат (**во името на припадниците на националното малцинство**).

Националните совети може да го направат тоа врз два правни основа.

**Закон за Заштитникот на граѓаните**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 79/2005 и 54/2007)

„Член 25

**Секое физичко или правно лице** што смета дека се................ може да поднесе жалба до Заштитникот на граѓаните.“

**Закон за националните совети на националните малцинства**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 72/2009, 20/2014 – одлука на УС, 55/2014 и 47/2018)

„1 **Општи овластувања**

Член 10

**Националниот совет, .................**

**12) поднесува жалба до Заштитникот на граѓанинот**.......... кога ќе процени дека дошло до повреда на со устав и со закон гарантирани.........“

Жалбата се поднесува во **писмена форма или усно на записник.**

Поднесувањето жалба **не се плаќа,** односно таа може да се поднесе без плаќање такса или каков било друг надоместок.

**На националниот совет не му е потребна согласност ниту овластување за поднесување жалба до Заштитникот на граѓаните.**

Жалба може да се состави:

- во **слободна форма** и
- **со пополнување образец на жалбата** што се наоѓа на официјалната интернет-страница на Заштитникот на граѓаните.

Без оглед на кој начин ќе биде составена жалбата, важно е да биде:

- **јасна,**
- **разбирлива,**
- **прецизна,**
- **концизна** и
- да содржи **точни** и **неопходни** податоци
  - o за **подносителот** или лицето чие право и/или интерес е повредено
  - o **за оној за кој се тврди дека ја извршил повредата на правото и/или на интересите** и
  - o за **актот и/или дејството/недејствувањето**.

### *9.2. Повереник за заштита на рамноправноста*

Во односот на националните совети и Повереникот за заштита на рамноправноста има многу сличности со односот на Заштитникот на граѓаните и националните совети. Меѓутоа, не се занемарливи бројот и значењето на разликите што постојат, а кои се последица на разликите во надлежностите на наведените два органа.

Имено, Повереникот има некои надлежности што ги нема Заштитникот на граѓаните.

**Закон за забрана на дискриминација**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 22/2009)

**„Надлежности на Повереникот**

Член 33

Повереникот:

1. **прима и разгледува жалби поради повреда на забраната на дискриминација**...... и **изрекува мерки** .....;

3. **поднесува тужби** поради повреда на забраната на дискриминација, ..................... и

4. **поднесува прекршочни пријави поради повреда на забраната на дискриминација“**

Член 38

Повереникот **предлага спроведување постапка за помирување**, во согласност со законот со кој се уредува постапката за медијација, а **пред преземање други дејства во постапката**.“

За да биде ефикасен овој механизам на заштита, неопходно е да бидат исполнети неколку услови:

- Жалбата може да се поднесе **само поради дискриминација** (повреда на забраната на дискриминација), а **не и повреди на слободите и правата што може да постојат, но немаат елементи на дискриминација** (тие се предмет на работата на Заштитникот на граѓаните),

- Жалба може да поднесе:

**Деловник за работа**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 34/2011)

**„Лица овластени за поднесување жалба**

Член 15

Жалба поради дискриминација може да поднесе:

- Секое **физичко или правно лице или група лица што сметаат дека претрпеле дискриминација**;
- **Организација што се занимава со заштита на човековите права или друго лице, во името и со согласност на лицето** што смета дека претрпело дискриминација;
- Во случај на **дискриминација на група лица, организацијата што се занимава со човековите права може да поднесе жалба во свое име, без согласност од** поединечни членови.“

Националните совети може да поднесат жалба:

- во **свое име** и
- во **името на лицето што смета дека** претрпело или претрпело дискриминација.

Кога поднесува **жалба во името на лице што смета дека претрпело или претрпело дискриминација**, а кое е **член на тоа национално малцинство**, **на националните совети не им е потреба посебна согласност од тоа лице**, со оглед дека според Уставот и законите националните совети ги претставуваат националното малцинство и сите негови припадници.

Жалбата се поднесува во **писмена форма.** Само **исклучително**, таа може да се поднесе **усно на записник.**

Поднесувањето жалба **не се плаќа,** односно таа може да се поднесе без плаќање такса или каков било друг надоместок.

Жалба може да се поднесе против:

- Секое **физичко лице** што извршува акт на дискриминација,
- Секоја **група лица** што извршуваат акт на дискриминација,
- Секое **правно лице** што извршува акт на дискриминација и
- Секој **орган на јавната власта** што извршува акти на дискриминација.

Поднесувањето жалба има смисла и може да биде успешно само под неколку услови:

**Закон за забрана на дискриминација**

(„*Сл. весник на РС*“, бр. 22/2009)

**„Член 36**

…......... доколку **за истата работа не е веќе поведена или правосилно завршена постапка пред суд**.“

**Исто така, Повереникот нема да постапува:**

**Закон за забрана на дискриминација**

(„*Сл. весник на РС*“, бр. 22/2009)

**„Член 36**

- ако е **очигледно дека нема повреда на правото на** која укажува подносителот,

- ако **веќе постапувал во истата работа, а не се понудени нови докази,**

- ако утврди дека **поради истекот на времето од сторената повреда на правото не може да се постигне целта на постапувањето**."

Но овластувањето на Повереникот за поведување судски спор **не е безусловно**. Имено, за да може Повереникот да поднесе тужба, неопходно е да биде исполнет еден посебен услов.

**Закон за забрана на дискриминација**

(*„Сл. весник на РС"*, бр. 22/2009)

**„Тужби од други лица**

Член 46

**Тужби**......може да поднесат **Повереникот** и организацијата што се занимава со заштита на човековите права, односно правата на определена група лица.

Ако **дискриминаторското постапување се однесува исклучително на определено лице**, тужителите може да **поднесат тужба само со негова согласност во писмена форма**."

Повереникот **треба да има согласност од лицето што смета дека претрпело или претрпело дискриминација**, доколку по разгледувањето на жалбата утврди дека има место за **поднесување тужба**.

Значи, за поведување судски спор Повереникот треба да има писмена согласност:

- **од Националниот совет** ако ја **поднел жалбата во свое име** бидејќи **дискриминаторското постапување се однесува на националниот совет како правно лице**,

- **Од припадник на националното малцинство** доколку **Националниот совет** ја **поднел жалбата во негово име** бидејќи **дискриминаторското постапување се однесува на него како физичко лице.**

Жалба може да се состави:

- во **слободна форма** и/или
**- со пополнување образец на жалбата** што се наоѓа на официјалната интернет-страница на Повереникот.

Без оглед на кој начин ќе биде составена жалбата, важно е да биде:

**- јасна,**
**- разбирлива,**
**- прецизна,**
**- концизна** и
- да содржи **точни** и **неопходни** податоци
а. за **подносителот** или за дискриминираното лице
**б. за оној за кој се тврди дека врши дискриминација** и
в. за дискриминаторскиот **акт и/или дејство**.

Медијацијата е уште едно од овластувањата со кои располага Заштитникот на граѓаните.

**Закон за забрана на дискриминација**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 22/2009)

**„Помирување**

Член 38

Повереникот **предлага** спроведување постапка за **помирување**, во согласност со законот со кој се уредува постапката за медијација, а **пред преземање други дејства во постапката**.“

За нејзино ефикасно преземање неопходно е да бидат исполнети

одредени услови.

Повереникот ќе:

1. **предложи помирување** доколку по разгледувањето на жалбата смета дека постои **можност за нејзино успешно спроведување**;
2. **им упати на дискриминираното лице и на лицето за кое се тврди дека врши дискриминација писмен предлог за спроведување медијација,**
3. во рок **од 15 дена тие се овластени да се**
   - **3.1. изјаснат за предлогот**
   - **3.2. спогодбено да одредат еден или повеќе медијатори или**
   - 3.3. **согласат медијаторот да го одреди Повереникот**.

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТАК | ПЕТОК | САБОТА | НЕДЕЛА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ден на прием на предлогот за спроведување медијација** | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | X<br>Одлука за предлогот за спроведување медијација | | | | |

Ако **едната или двете страни**, во оставениот рок, **се изјаснат дека не сакаат** спроведување медијација или ако **рокот за изјаснување**

**помине безуспешно, нема да се спроведе медијација.**

Ако во оставениот рок **страните прифатат спроведување на медијација, Повереникот ќе донесе одлука за именување медијатор**.

Повереникот поднесува **тужба** до судот **врз основа на жалбата** што е поднесена и прилозите доставени со неа, односно фактите и доказите што тие ги содржат.

**Деловник за работа**

(*„Сл. весник на РС“*, бр. 34/2011)

**„Поднесување тужба и прекршочни пријави**

Член 34

Кога во постапката **по жалба ќе се утврди** дека дошло до **дискриминација**, ...........Повереникот..........поднесе **тужба** пред надлежниот суд ако оцени дека, со оглед на околностите на случајот, тоа е **целисходно заради остварување делотворна заштита од дискриминација, унапредување на судската практика во парници за заштита од дискриминација, зголемување на свеста на јавноста** и друго.......“

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија и од Советот на Европа. Ставовите искажани во овој документ не претставуваат официјален став на Европската Унија или на Советот на Европа.

MKD

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Опфаќа 46 земји, вклучително и сите земји членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човековите права, спогодба чија цел е заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Примената на Конвенцијата во земјите членки ја надгледува Европскиот суд за човекови права.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги здружат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно изградија стабилно опкружување, демократија и одржлив развој, задржувајќи ги културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија е посветена на споделувањето на своите придобивки и вредности со земјите и со народите надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Ministarstvo za ljudska i manjinska prava i društveni dijalog